АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-433/4
11 04 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 1501
Рок на чување
11-04 2018 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК ОД ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ОДРЖАНА НА 26.03.2018

## 9:00 ч.

На седницата закажана од Претседателот на ЦИК д-р Кирил Пецаков присуствуваат и , д-р Данчо Бизески, д-р Јосиф Ристески и д-р Агрон Пашоли. Отсуство најави д-р Гоце Бабоски.

Во среда 28 март да се објават конечни резултати. конечни

Разгледување на пристигнат изборен материјал од гласачки места

РО КАВАДАРЦИ

57 гласале, неважеко 1, неупотребени 37

РО ШТИП

77 гласале, 35 неупотребени , 2 неважечки

РО ГЕВГЕЛИЈА

Искористени 26, 0 неважечки

РО КАРПОШ

80 искористени, 0 неважечки (две), 227 неискористени

Врз основа при пребројување на ро карпош две гласачки ливчиња се без печат во долниот десен агол со самото тоа истите се неважечки и врз основа на записникот кој едобиен од ро карпош од денот на гласањето, го менува резултатот на кандидатите односно колегата под број 4 Александар Стојановски има 35 гласови а колегата по реден број 2 Јордан Стојановски има 34, а колешката по реден број 1 Цветанка Бајрактарова од 42 гласа има 41 глас. Арбен Емини има 34 гласа.

Исто така РО Карпош за подрачјето на општините: Карпош, Ѓорче Петров и Сарај достави известување до Централната изборна комисија за да биде запазена етничката рамноправност, поточно од три изгласани делегати, едниот да биде етнички албанец без разлика на бројот на добиени гласови, поради тоа бара да биде испочитувана одлуката од регионалниот одбор.

РО ДЕЛЧЕВО

28 ИСКОРИСТЕНИ 7 НЕУПОТРЕБЕНИ 0 НЕВАЖЕЧКИ

Врз основа на правилникот член 35 став 1 , 2 и 3 .... цик и врз основа на записникот доставен до цик дека гласовите се пребројани во 15 часот ЦИК го поништува гласањето и ќе се одреди термин во рок од 10 дена за повторно гласање.

РО СТРУГА

66 гласале неупотребени 22, неважечки 0

Марина прентоска 42

Деребан 39

Од кочани е доставен и печат 26.03.2018 год.

Доставен е и печатото од РО Струга.

Времето за приговори е 48 часа од завршување од изборите и истото е завршено.

Методи читкушев приговор

Приговорот од д-р Методи Читкушев, кандидат за делегат во Собранието на СКМ од РО Штип се одбива како неуреден поради неисполнување на условите од член 46 став 3 од Правилникот. Имено поднесениот приговор не содржи никакви докази за дејствијата кои од страна на кандидатот се опишани дека се случиле на денот на изборите на избирачкото место во споменатиот регион. Исто така од увидот во изборниот материјал, Комисијата заклучи дека записникот за сумирање и утврдување на изборните резултати се потпишани од сите членови на избирачкиот одбор / регионалната изборна комисија.

Поради сето ова, Централната изборна комисија согласно член 47 став 1 и 4 од Правилникот, одлучи да го отфрли приговорот поднесен од д-р Методи Читкушев, кандидат за делегат во Собранието на СКМ од РО Штип.

Приговор од билјана видоеска од тетово

Приговорот од д-р Билјана Видоеска, кандидат за делегат во Собранието на СКМ од РО Тетово во делот каде се повикува на прекршување на одредбите од членовите 8 и 16 став 5, 6 и 7, член 16 став 8, 9 и 10 како и во делот на тоа дека како кандидат не била повикана да ги поднесе потребните документи за својата кандидатура, се отфрла како ненавремена поради фактот што приговори се однесуваат на прекршувања на процедурата за кандидирање, се поднесуваат до ЦИК најдоцна 48 часа од одржување на собирот на доктори на регион. Согласно тоа во конкретниот случај пропуштен е пропулзивниот рок за поднесување приговор по споменатите основи.

Во однос на составот на гласачкото ливче, односно редоследот на кандидатите, бидејќи се работи за откажување од кандидатура на претходно кандидиран доктор за делегат, извршена

е замена на местото на докторот кој се откажува со кандидат кој дополнително согласно одредбите на член 18 од Правилникот е утврден како кандидат за делегат. Во овој дел приговорот се одбива како неоснован.

Во однос на присуство на кандидат или негов претставник во текот на изборниот процес, приговорот е неоснован, бидејќи Правилникот не забранува овластен претставник на кандидат да присуствува на избирачкото место во текот на гласањето, но не и самиот кандидат. Ова оттаму што присуството на кандидатот би ја загрозило објективноста на изборниот процес, а истиот се изложува на потенцијално агитирање од страна на кандидатот. За да присуствува претставник на предлог кандидатот за делегат на СКМ мора да има писмено овластување од самиот кандидат и врз основа на тоа да се издаде решение за претставник од страна на ЦИК.

Во однос на наводите дека определено лице не гласало, но било евидентирано во избирачкиот список како да гласало, и во овој дел приговорот Ви е неоснован поради фактот што се работи за заштита на поединечно гласачко право, за што согласно член 46 од Правилникот, право на приговор во поглед на постапката за избор има самиот гласач и истиот го поднесува до ЦИК најдоцна во рок од 48 часа од затворањето на гласачкото место. До истекот на предвидениот рок до ЦИК не е доставен ниту еден приговор од ваков тип.

Во поглед на доставената изјава од страна на д-р Ирена Трифуновска истата не е нотарски заверена каде што би била под кривична, морална и материјална одговорност. Именуваната д-р Ирина Трифуновска не е евидентирана во избирачкиот список дека гласала. Со тоа доколку истата изјава на колешката Ирена беше заверена на нотар под морална кривична и материјална одговорност ќе требаше да одговара за лажен исказ и второ да одговара пред судот на честа на СКМ, исто и Вие како предлог кандидат за СКМ и подносител на овој приговор.

Во прилог Ви испраќаме и изјавата од д-р Ерол Фејзули за отповикување на кандидатурата (иако не е предмет на интерес од денешен аспект), исто така Ви доставуваме слика од избирачкиот список каде што може да се види дека д-р Ирена Трифуновска воопшто не гласала. Поради сето ова може да сносите одговорност врз основа на приговорот кој го имате поднесено до ЦИК.

Во прилог на овој записник е и образец број 3 од ЦИК за првични неконечни резултати.

**Претседател на Државна изборна комисија**

Д-р Кирил Пецаков